# Бог се јави во тело
# ВОСКРЕСНА ВО СЛАВА

Архимандрит Партениј Бигорски

Бигорски

1020 1000 години 2020

манастир

# *Бог се јави во тело, воскресна во слава*

зборник на десет проповеди
за Рождеството и Воскресението
на Спасителот Христа

*од*

Архимандрит Партениј Бигорски

Бигорски
2019

*Благочестиво се посветува*
*на сите градители и воскресители*
*на Бигорскиот Манастир,*
*по повод великиот јубилеј.*

# Содржина


| | |
|---|---|
| Предисловие | 9 |
| Денес се раѓа од Дева | 13 |
| Се роди Кнезот на мирот | 21 |
| На родениот Христос да Му принесеме | 28 |
| Мирот Негов ќе Му биде слава | 40 |
| Нѐ посети Исток од висините | 50 |
| Радоста на Воскресението | 59 |
| Пасха свештена, што од тагата нѐ избавува | 66 |
| Христе мој Воскреснат | 71 |
| Воскресението Христово е реалност | 82 |
| Старото помина, и ете, сѐ стана ново | 90 |

ІС ХС
НІ КА

# Предисловие

*Во името на Отецот
и Синот и Светиот Дух!*

Во две илјади и дваесеттото лето од Рождеството на Господ и Бог и Спасителот наш Исус Христос, се исполнуваат точно илјада години од основањето на Свештената Бигорска Обител на чесниот и славен Пророк, Претеча и Крстител Господов Јован. Едно цело илјадалетие исполнето со Евангелска проповед и сведочење за радоста што произлегува од животот во Христа!

Кон тоа милениумско проповедање, возгласување на Словото на вистината и на радоста, во последните две и пол десетлетија, мошне усрдно и сеоддајно се приклучува и пастирското слово на нашиот возљубен Старец и Игумен, Архимандрит Партениј, кој, низ духовничката му дејност и искуство,

се покажува како вистински, преку духот, *очевидец и служител на Словото* (сп. Лука 1,2). Впрочем, според Божјата семудра Промисла, илјададагодишниот јубилеј на Бигорскиот Манастир се совпаѓа со педесетгодишнината од раѓањето на Старецот и дваесет и пет годишнината од неговата монашка и свештеничка служба кон Бога.

Токму ова времесловие, но и големата желба на духовните чеда на Старецот, нѐ поттикнаа да ја составиме и издадеме оваа скромна збирка со избрани десет слова од неговата обилна проповедничка дејност, изговорени за двата најголеми празника на Црквата Божја: Митрополијата на сите празници - Рождеството Христово и круната на Господовата служба на Земјата - Неговото сеславно Воскресение, со кое е победен најголемиот непријател - смртта.

Изборот на овие две суштествени за нашето спасение собитија од земниот живот на Богочовекот, не е случаен, туку има своја символичка смисла. Имено, празникот на Рождеството, како почеток на Евангелието, нѐ упатува на раѓањето на Бигорската Оби-

тел, а Светата Пасха - на нејзиното севкупно Воскресение, што таа го живее во годините на игуменувањето на Старец Партениј.

Накрај, би сакале да им се извиниме на сите читатели за можните ненамерни пропусти, но и смирено да побараме прошка од нашиот Татко во Христа Родениот и Воскреснатиот, за сите дополнителни крстови што му ги додаваме на неговиот и онака претежок игуменски крст. Го молиме добриот наш Христос да му даде на Старецот Архимандрит Партениј долги години живот, со крепко здравје и духовни сили, за да поведе уште многу души кон благодатниот пат на радоста во Христа.

На многаја лета!

*Црнорисците на*
*Свештената Бигорска Обител*



## Денес се раѓа од Дева

*Проповед на Рождество Христово,*
*2014-то лето Господово*

Достојнопочитувани монаси и монахињи, возљубени духовни чеда, мили браќа и сестри! Во оваа свештена и спасителна ноќ ќе му дадам целосна слобода на срцето мое, за самото тоа да ви се обрати. Преполнето со радост и мир, тоа постојано ги повторува зборовите на Ангелот што им благовести голема радост на Витлеемските пастири, радост *која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ* (Лука 2,10-11).

Прекрасните боговдахновени химни на нашата Црква ни помагаат да проѕреме и ние во големата тајна на оваа Божикна ноќ, грижливо водејќи нѐ по својот мисловен пат до Витлеемската пештера, за и ние, заедно со

Ангелите, Пастирите и Мудреците да Го видиме вочовечениот Бог. Неовоземна светлина оваа ноќ го осветлува небото над Витлеемската пештера, а среде таа светлина се слуша умилниот хор на Ангелите и Пастирите, тие први сведоци на Божјото вочовечување. Со нив весело трепери ѕвездата водилка, чекајќи ги своите сопатници, источните Мудреци, кои во име на родот човечки доаѓаат да Му се поклонат и да Му принесат дарови на Богомладенецот. Пред нив се открива голема тајна: Бестелесниот се воплотува, бесконечниот Бог се ограничува, Беспочетниот започнува, Несоздадениот се создава! Творецот на Вселената го прима образот на својата творба - човекот! „И предвечниот Цар рајот го отвора. Огнениот меч е оттргнат; ѕидот на разделбата е срушен“.

Која е таа сила што го сруши ѕидот помеѓу човекот и Бога, ѕид подигнат од човечката вообразеност, гордост, егоизам, противење? Што е тоа што повторно ги отвори дверите на рајот за нас, луѓето? Со кој клуч Царот Небесен, нашиот Спасител, го отклучи мирот помеѓу Бога и човештвото? Нема-

ше друг начин да се победи самољубието на луѓето и противењето кон Бога, освен тоа Самиот Син Божји, Исцелителот на раната Адамова, да го последува спротивниот пат од оној по кој тргнаа Првосоздадените. Тие го избраа егоизмот и непослушанието. Синот Човечки, пак, дојде да ги излечи нив со Своето крајно смирение и Своето крајно и совршено послушание. Како што вели Божествениот Григориј Палама: „Оној Кој е од иста природа како и Највозвишениот Отец, не само што со Своето Рождество се облекол во унижена природа, не само што се изложил на најголемо сиромаштво, раѓајќи се во бедна пештера, туку, бидејќи уште во утробата, прими и крајна осуда каква што носи нашата природа уште од самиот почеток, вбројувајќи се и запишувајќи се меѓу слугите (в. Лука 2,4-6)“. Ете ја силата што го сруши тој ѕид кој го одделуваше човека од Бога; ете го клучот што го обнови нашето општење со Бога. Смирениот Бог со Своето Божествено смирение го победи горделивиот ѓавол и горделивиот човек. Затоа зеде облик на слуга, затоа стана немоќно Младенче во

Пештерата во Витлеем. И карактеристично е тоа што Тој смирен Бог, Кој се вочовечи, сега прима дарови од смирени души, ангелски и човечки. „Небесните сили се собираат заедно со земните, Ангелите и луѓето го составуваат моќното торжество; чистите Му принесуваат песна на Чистиот". Ангелите Го воспеваа поради нивното најчисто смирение. Смирените Ангели Го воспеваа смирениот Исус. Пастирите, и тие смирени и послушни, го послушаа Ангелот кој им благовестеше, потрчаа да Го видат Бога, и поверуваа дека Тоа Младенче што Го видоа е Самиот Син Божји. Потоа и смирените Мудреци, кои и самите побожно го очекуваа исполнувањето на пророштвото за доаѓањето на Месијата на Земјата, и тие направија послушание преку знамението што им било дадено со ѕвездата. За неа Свети Јован Златоуст вели дека била Ангел Господов, а не некоја природна појава, како што некои се обидуваат да објаснат. И го следеа послушно Мудреците патот што им го покажа ѕвездата, стигнаа до Богомладенецот и тука смирено Му се поклонија и своите дарови Му

ги принесоа. Така, и смирените Ангели, и смирените Пастири, и смирените Мудреци, и праведниот Јосиф, а пред сè, смирената Владичица Богородица, „Која како Херувимски престол на славата, Го смести Бога несместливиот“ – сите тие смирени души можеа да Го препознаат и да Му се поклонат на смирениот Исус.

Оваа историја се повторува сè до денес. Само смирените души биваат удостоени да Го разберат смирениот Исус, да Го примаат во своите срца, да Му се поклонуваат Нему, најсмирениот, Чиешто смирение стана најголемо богатство за сите, Чиешто сиромаштво донесе збогатување за целиот свет во сите векови, Чиешто смирено доаѓање како слуга меѓу слугите „му даде на светот голема милост“.

Вечерва, во оваа Божикна ноќ, Мајката Црква повторно ни дава една прекрасна можност да Го славиме воплотениот Господ, заедно со Ангелите, Пастирите, Мудреците. И самата Богослужба е едно радосно славословие, едно благодарење кон вочовечениот Господ. Црквата постојано живее

во таа атмосфера на славословие за Бога. А и што друго би правеле ние, освен да пееме заедно со Ангелите: „Слава на Бога во Висините, на Земјата мир, меѓу луѓето добра волја“. Го славиме Бога, Му благодариме, Го величаме. Сè што може да принесе нашето сиромашно човечко битие, го принесува оваа ноќ. Зашто, кога човекот барем и најмалку би ја сфатил височината и длабочината и големината на денешното таинство, не би можел да прави ништо друго, освен да Го слави и да Му благодари на Христа воплотениот. И тој радосен дух на славење и благодарење во Црквата не би можел да биде засенет од ништо. Ете, постојано гледаме каква мрачна состојба владее сега во светот кој не Го прима воплотеното Слово Божјо, кој тоне во болка, тага и меланхолија. А сепак, и покрај сето тоа, ние Христијаните се радуваме со „славна радост“, зашто Бог дојде помеѓу нас, за да примиме посиновение. Светот може да се наоѓа во мрак, но тие што Го примаат Христа во срцата свои, денес и во секоја епоха, се озаруваат од Неговата незаодна светлина, соучествуваат во Неговата

радост, соучествуваат во Неговиот мир, во Неговата слава, а најпосле и во Неговиот вечен живот.

Него, премилостивиот наш Спасител, Кој заради наше спасение денес се раѓа од Пречистата Своја Мајка, да Го помолиме да нѐ удостои и нас со клучот на смирението, за да ги отвориме своите срца за Него и со благодарност да Му ги принесеме. Да нѐ удостои да Му го принесеме сето наше битие. Како што тројцата Мудреци Му принесоа дарови: злато, ливан и смирна, така и ние, наместо овие три дарови, да Му ги принесеме нашите триделни души на Христа: умот свој, срцето свое и волјата своја. Целиот наш човек да Му се принесе на Бога. Како што и Он, Целиот Бог, стана човек, така и ние - целиот наш човек да Му го принесеме на Бога. А тоа е можно, видовме, единствено преку Божественото смирение, смирението што го имаа Ангелите, Пастирите, Мудреците, праведниот Јосиф, а најмногу Преблагословената Владичица наша Богородица и Дева Марија. Колку повеќе Христијанинот се смирува пред Христа, пред величие-

то Божјо, толку повеќе тој се облагодатува, се осветува, се спасува и станува светлина за целиот свет. Неговата душа Го воспријема живиот Бог. Собрани во овој молитвен собор пред јаслите на Богомладенецот – символот на Неговото смирение, Го молиме да ни го даде тоа свето смирение, кое од Бога направи човек, а од човекот бог по благодат. Да станеме смирени Христијани, смирени ученици на смирениот Христос, за даземеме и ние учество во Неговото неискажливо богатство, во Неговата непоимлива слава и во Неговото вечно Царство. Нему слава и власт, во веки веков! Амин!

Христос се роди!

## Се роди Кнезот на мирот

*Проповед на Рождество Христово, 2015-то лето Господово*

Мили мои, Христијанинот, внесен во атмосферата на оваа Божикна ноќ, во тајната на овој голем Господов празник - Рождеството Христово, не може, а да не почувствува огромна потреба да Го слави Триединиот Бог - Отецот и Синот и Светиот Дух! Тоа славословие прави човекот да почувствува дека станува сопричесник на Божјата вечност, сопричесник на Божјото присуство, на Неговата неискажлива слава. Бидејќи, Оној Кој навистина е недостижен, неискажлив, невидлив и надвремен Творец на секоја твар, преку овој најголем настан во човечката историја, доброволно стана достижен, се понижи Себеси, слезе во времето и стана Човек, раѓајќи се од Пречистата Дева Марија во најголе-

мо смирение, во една бедна пештера, а сето тоа поради Својата огромна љубов кон човечкиот род. Созерцувајќи вечерва за тоа, чувствуваме дека Рождеството не е само нешто минато, еден завршен историски настан, туку една реалност која на некаков таинствен начин, надминувајќи го времето преку благодатта на Светиот Дух, како и нас самите да нѐ пренесува таму каде што се роди Господ и пред нашите очи, како да ги гледаме сите учесници во таа Божествена симфонија: повиениот Богомладенец во пречистите раце на Мајката Дева, Праведниот Јосиф, соборот на Ангелите, Пастирите и Мудреците во заедничко поклонение пред Бога; и земаме удел во таа радост на нетварното благословение. Така, денешното 'сега', литургиски, во Црквата станува 'секогаш', станува вечност: *сеѓа и секоѓаш и во веки веков!*

Иако, бидејќи телесни, сме затворени во оковите на времето, сепак, уште од сега, од овој век, учествуваме во благодатта и веќе предвкусуваме од идниот, од неминливото Царство Божјо. А она што го чувствуваме

во овој миг е тој неискажлив мир што зрачи од Божикната Божествена сцена. Затоа, толку природно се вткајува во неа ангелската радосна објава: *Слава на Бога во Висините, на Земјата мир, меѓу луѓето добра волја.* Всушност, тогаш човештвото за прв пат го почувствувало вистинскиот мир. Тој мир не е философски, психолошки, ниту плод на некаква идеологија, туку е дар што доаѓа од Изворот на мирот, од воплотениот Бог и од благодатта на Сесветиот Дух. *Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам; Јас ви го давам, но не како што го дава светот* (Јован 14,27). Тоа е оној мир што го беше изгубил првиот човек Адам, прекршувајќи ја заповедта Божја.

И колку ли само му е неопходен на човекот тој длабок мир?! Затоа Ангелите се радуваат и Го славословат во Височините Бога, Кој Го принесува Својот Син на воплотување, за да го всели во срцата на луѓето Својот надразумен мир, да им дарува посиновение преку благиот Дух, правејќи ги сонаследници Христови и наследници на Царството Негово. Затоа и ние вечерва чувствуваме силен порив да Го славиме Триединиот Бог.

За жал, денес луѓето не се ни свесни дека токму тој мир е она по што тие копнеат, она што толку му е неопходно на современиот човек. И кога ќе видиме, овој збор толку често се употребува, светот денес постојано расправа за мир, тоа е редовна тема во политичките и општествените сфери, на многубројни симпозиуми, декларации, манифести... Не дека тоа е лошо, но сепак, недоволно е за човекот суштински да се успокои, бидејќи му недостасува оној вистинскиот, внатрешен мир, што доаѓа од Бога. Па дури и кога народите и државите во светот се во некакво примирје, човекот ни тогаш не е задоволен, затоа што тој привремен мир не е она што вистински го успокојува. Без мирот Божји, мирот што Бог ни Го даде со Своето свето Раѓање, луѓето се несреќни, постојано во стрес, живеат во празнотија, а потоа се предаваат на различни порочни зависности, обидувајќи се на тој начин да најдат мир во себе и така да заборават на трагедијата што ја живеат овде. Какво страдање е тоа за оној кој ја знае непроценливата вредност на Христовиот мир, а сепак гледа дека многу негови ближни не го

ни почувствувале тој мир, ниту Го познаваат Миротворецот, па затоа тонат во безнадежност, разочарувања, порази.

А каде луѓето да го најдат овој толку потребен спокој? Него можеме да го стекнеме само преку светотаински живот во Црквата, особено со учеството во Светата Евхаристија. Но и секогаш кога им покажуваме љубов на нашите ближни, кога се исповедаме, кога се покајуваме, кога се причестуваме, кога се молиме, кога се смируваме, кога проштаваме, кога со срдечна болка ќе кажеме: „Господи, Исусе Христе, помилуј ме, грешниот“; секогаш кога со отворено срце ќе Му послужиме на Бога, едно делче од тој Божествен мир се вселува во срцата наши, така што можеме да го пренесуваме и на другите. И токму тоа е она што Бог го сака од нас; Бог сака да бидеме миротворци. Сепак, за да станеме такви треба потполно да се присоединиме кон вистинскиот Миротворец, кон почетокот на мирот, кон Кнезот на мирот, кон Царот на љубовта – Христос, Кој заради нас се роди во пештера. Значи, примајќи го на дар мирот што денес ни го да-

рува Божествениот Миротворец, треба не само да го живееме тој мир, туку да станеме причина и други луѓе да го спознаат и да се успокојат во Христа.

Ние, Христијаните, не смееме никогаш, а особено на овој ден, да размислуваме егоистично, само за себе, туку да помислиме и на сите оние што воопшто не Го спознале Изворот на мирот, а Он е непресушлив, како што вели Свети пророк Исаија: *На Неговиот мир Му нема граница*. Затоа, оваа вечер да Го помолиме Богомладенецот Христос, Кој во крајно смирение слезе и се воплоти од Пречистата Богородица, да ги посети сите, да ги разбуди оние што спијат, па да Го изберат Него, *единственото ново под сонцето*. Така, ќе се здобијат со тој неискажлив, неовоземен мир, единственото нешто кое може да ја успокои човечката душа и да ѝ даде блаженство. Да ги отвориме вечерва нашите срца, да Го повикаме Христа да се всели во нив, да Го созерцуваме, да Го возљубиме и да се помолиме да го испрати Својот мир на сите луѓе, на сите народи, на сите народи и земји кои страдаат, фрлени во вителот на војната

и стануваат нејзини жртви. Да побараме од Витлеемскиот Богомладенец да ја испрати насекаде Својата милост, поради солзите и молитвите на оние коишто Го познаваат и Го сакаат, па го живеат тој вистински мир во Црквата, во Светите Тајни нејзини.

Христос се роди!



# На родениот Христос да Му принесеме вера, надеж и љубов

*Проповед на Рождество Христово, 2016-то лето Господово*

Мили мои, денес Оној Кој седи на Херувимите и почива на Серафимите и Кој со непрестајни славословија е воспеван од Архангелите, Ангелите и од сите Небесни чинови, доаѓа на Земјата како смирен Човек. Синот Божји, Кој вечно се раѓа од Бога Отецот, денес во малиот град Витлеем се раѓа од Пречистата Дева Марија и станува и Син Човечки.

Но, зошто беше потребно тоа сиромаштво и тоа чудесно снисходење? За да го најде и подигне изгубениот и паднат човек, возљубени мои! Да му го врати достоинството на највозвишеното Негово творение! Зашто, на Бог не Му било доволно само славословењето од Ангелите на Небесата; не мо-

жел Он во полнота да се радува, слушајќи го лелекот од страданијата на возљубениот Му човек на Земјата. И, ете, затоа во Божествениот Домострој на Троичниот Бог било промислено беспочетното и несоздадено Слово, Ангелот на Великиот Совет, со крајно смирение и неизмерно послушание кон Бога Отецот и кон Светиот Дух, да се овоплоти и да стане како еден од нас. Затоа, сите земнородни денес треба неизмерно да се радуваме во духот. Бог доаѓа за сите нас! Ете, во Витлеем е! Ете, на Земјата е!

Во изминатиов период, Црквата Божја, преку Рождественската катавасија постојано нè повикуваше: „Христос се раѓа - славете Го; Христос доаѓа од Небото - пресретнете Го; Христос е на Земјата - вознесете се!“ Бог едноставно сака со смирение да Го пречекаме во нашите срца; па откако ќе се всели во нас, да ја обнови нашата првобитна убавина, да го обожи нашето битие, избавувајќи нè од најстрашното зло - смртта, која беше влегла во човекот преку гревот и непослушанието. Оттука, Христос ги одбра смирението и послушноста како противотров за гордоста на

непријателот на човечкото спасение. Сега новиот свет во Христа се гради токму преку тие богооткриени добродетели.

Во длабоките по значење химни за овој празник, кои, всушност, ги пренесуваат и најпрефинетите нишки на неговото богословие, на Вечерната, меѓу другото, слушнавме: „Што да Ти принесеме, Христе, за тоа што заради нас како човек се јави на Земјата? Секое Твое создание Ти принесува благодарење: Ангелите - песна; Небесата - ѕвезда; Мудреците - дарови; Пастирите - чудење; Земјата - пештера; пустината - јасли, а ние Мајката Дева...“ Колку е сето тоа така прекрасно изразено! И навистина, што друго подостојно и повозвишено би можеле ние луѓето да Му принесеме на дар на Бога, ако не Пречистата Богородица?! Преку Неа, Која стана Земска палата на Царот Небесен, се исправи целото човештво. Мудреците, пак, од Исток, тројцата просветлени мажи, Му принесоа на Христа материјални дарови: злато, ливан и смирна. Златото, Светите Отци го толкуваат како симбол за царската служба што требало да ја изврши Хрис-

тос како Цар на вековите; ливанот, како на Бог на Вселената и врховен Првосвештеник; а смирната, во согласност со тогашните погребни обичаи, како на „бесмртен тридневен мртовец“, Кој, помазан со смирна и положен во гробот, на третиот ден победоносно ќе засветли оттаму и ќе му даде на човекот живот вечен.

Исто така, според толкувањето на некои свети учители и егзегети на Црквата Божја, даровите на тројцата Мудреци можеме симболично да ги сфатиме и како изобразби на трите главни христијански добродетели: верата, надежта и љубовта, за кои Божествениот Павле вели: *А сега остануваат овие три работи: верата, надежта и љубовта; најголема меѓу нив е љубовта* (1. Кор. 13,13). Токму овие три највозвишени добродетели ги однеле Мудреците до Витлеемскиот Богомладенец. Со вера тие го примиле Божјото знамение преку сјајната ѕвезда и со надеж и љубов тргнале по неа, на непознат пат, за да Му се поклонат на вочовечениот Бог. Очигледно е од Евангелието дека оваа ѕвезда не била обична, како и сите други, туку по-

скоро некоја Божја светлина. Гледаме дека таа се движела пониско и светела посјајно од другите ѕвезди; кога застанувале Мудреците застанувала и таа и кога било потребно - се појавувала, а кога не - се сокривала. Така, кога Мудреците стигнале кај цар Ирод, ѕвездата веќе ја немало, но штом тие си заминале од царската палата, таа повторно им се појавила, за да им го осветлува патот. Накрај ѕвездата силно заблескала, испуштајќи ги своите последни зраци токму над местото каде што се роди Спасителот Христос. Според Свети Јован Златоуст, оваа ѕвезда била, всушност, Ангел Господов. Познато е дека Ангелите светат со неизмерен блесок. Тие ја носат во себе Божествената нетварна светлина, истата онаа што кога ја виделе Апостолите на горатa Тавор, посакале вечно да останат со Бога. Токму таква светлина се удостоиле да видат и овие тројца Мудреци и водени од неа, најпосле да Му се поклонат и на Самиот Спасител, изворот и дарителот на нетварната светлина, преку која се обожуваме. Светите Отци на нашата Црква нè учат дека целта на добродетел-

ниот христијански живот и на молитвата, а особено Исусовата, е обожување на нашето битие, преку созерцание и причестување со оваа Божествена светлина. Затоа толку настојчиво и нѐ повикуваат да се трудиме непрестајно, од утро до вечер, да ја изговараме Исусовата молитва, а како што вели Свети Јован Златоуст, ако е можно и преку целата ноќ. Се разбира, во смирение и покајание, поткрепена со делата на милосрдието и љубовта. Исто толку силно се исполнуваме со Божествената светлина, со несоздадената енергија која нѐ обожува и соединува со Бога, и кога на Светата Литургија, после неопходната подготовка со пост, покајание и исповед, се причестуваме со страшните Христови Тајни.

Меѓутоа, за да се соединиме со Бога, што е крајната цел на нашето суштествување, е потребен, рековме, подвигот на верата, надежта и љубовта. Што направиле Мудреците пред да Му се поклонат на новородениот Цар? Најнапред направиле подвиг на вера и надеж во Божјото ветување и во знамението со необичната ѕвезда. Тие

постапиле слично како праотецот Авраам во Стариот Завет, чиишто чеда сме сите ние според верата, кога Господ му рекол: *Излези од земјата своја, и од родот свој, и од домот на татка си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас* (Битие 12,1). Авраам не знаел каде е и каква ќе биде таа земја, но тој покажал огромна вера, надеж и послушание кон Бога и се упатил каде што го водел Господ. И поради тоа послушание, поради неговата голема и силна вера и смирение, Авраам бил наречен пријател Божји и се удостоил кај дабот Мамре да разговара и да Го види Триединиот Бог во вид на Тројцата Ангели, дури и да добие од Нив ветување за раѓањето на својот син Исаак, иако бил во длабока старост (Битие 18,1-14).

Така, добро е оваа вечер да се наоружаме со трите врховни добродетели: верата, надежта и љубовта, а, се разбира, особено со љубовта, која ќе продолжи и во вечноста. Љубовта и мирот денес му се насуштна потреба на човештвото. Иако веќе над две илјади години насекаде во храмовите Божји се возгласува ангелската песна: „Слава на

Бога во Височините, на Земјата мир, меѓу луѓето добра волја“, сепак, гледаме дека мирот е во голема криза, во опасност, сѐ повеќе го снемува... Тоа е така затоа што луѓето не го носат во себе и не го бараат, пред сѐ, Божјиот мир, без кого не е можен ни општествениот мир. Тука е големата одговорност на нас, Христијаните, кои сме должни да го стекнеме тој вишен мир и да го пренесуваме околу нас. Затоа, да го последуваме примерот на смирените и кротки Витлеемски пастири и на просветлените источни Мудреци и мисловно поклонувајќи се вечерва пред во јасли родениот Христос, да побараме од Него благодат за сите луѓе да Го спознаат. Оти, нема ништо поубаво од тоа кога човекот ќе се соедини со својот Татко и Создател; како што нема и ништо посрамно, од тоа човекот да не се труди да се соедини со Бога, Кој заради нас стана дури и човек! Да ги загрееме срцата со огнена љубов за Христа и да Му дозволиме да се роди и во нас! Да не бидеме како заспаниот Витлеем во Божикната ноќ. Зашто, таа вечер многу витлеемци и дојденци од други места ја виделе Преблагослове-

ната Мајка како бара каков било потслон, за да Го роди долгоочекуваниот Месија, но никој од нив не ја препознал Пребожествената благодат што ги посетила, ниту пак насетил дека во нивниот град ќе се случи толку голем настан, што засекогаш ќе го смени текот на историјата. Туку, кој се удостоил да ја слушне ангелската песна и да се поклони на родениот Син Божји? Едноставните и простосрдечни пастири, со срца кротки и со љубов полни. *И ете Ангел Господов застана меѓу нив и славата Господова ги осветли; и се уплашија многу. А Ангелот им рече: „Не плашете се! Еве, ви навестувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе; зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ* (Лука 2,9-11). Колку е убаво: на смирените срца им се открива смирениот Господ! А оние кои требало најмногу да се интересираат и да се радуваат за новородениот Цар Израилев, првосвештениците и книжниците, токму тие, помрачени од гордост и жестокосрдечност, не се ни потрудиле да видат што се случува во нивна близина, иако добро ги знаеле сите пророштва. На прашање-

то од цар Ирод каде треба да се роди Христос, тие дури и му навеле извадок од Светото Писмо: *Во Витлеем Јудејски; зашто така е напишано преку пророкот: „И ти, Витлееме, земјо Јудина, по ништо не си помал меѓу владетелствата Јудини; зашто од тебе ќе излезе Водач кој ќе го пасе Мојот народ – Израил“* (Матеј 2,5-6). Просто зачудува како е можно оние кои биле избрани да го поучуваат и подготвуваат народот за доаѓањето на Месијата, да немаат желба дури ни да појдат и видат што станува во Витлеем и да разберат зошто Ирод толку настојчиво се распрашува за Христа. И мислам дека поголема навреда за Господ било однесувањето на првосвештениците и книжниците - служителите Божји, отколку злоделата што ги направил безбожниот и развратен Ирод, кого целиот Израил и пошироко го знаеле за голем развратник и неверник. Бог да нè сочува од таквото фарисејско лицемерие! Зашто во очите на Господа нема ништо погнасно од лицемерието. Да бегаме од него, а да го следиме примерот на едноставните и кротки Пастири и на прекрасните просветлени

Мудреци, коишто со вера, надеж и љубов Му принеле на Христа злато, ливан и смирна. Да Му ги принесеме и ние на преблагиот Спасител нашата вера, надеж и љубов!

Ве молам, оваа вечер предадете ги до крај срцата ваши во молитва и созерцание и немојте во себеси да говорите: „Што можам да направам јас самиот? Па и да сум малку немарен, не е важно; и онака не можам да сменам ништо во овој развратен свет“. Не! Молитвата може и тоа како, да го смени светот! Еден човек со својата искрена и пламена молитва може многу да направи.

Да си спомнеме молитвено и за сите луѓе коишто страдаат и за кои Христос тагува. Бидејќи, Он не дојде да нè казни, туку да нè прибере во Неговите татковски прегратки. Он сочувствува со нас и плаче поради нашите гревови; Татко е со неизмерна љубов, Кој нè милува сите. Он и сега доаѓа од Висината, од Небото, до секого од нас! Не дошол само пред повеќе од две илјади години во Витлеем, туку е присутен и на секоја Литургија, присутен е и во нас.

Да сте благословени! Ви посакувам до-

бра молитва и радост во Рождеството Христово! Господ да ве чува и да ви дарува мир на сите!



# Мирот Негов ќе Му биде слава

*Проповед на Рождество Христово, 2017-то лето Господово*

Мили мои, смирени поклоници на во пештера роденото Слово Божјо! Пред сè, би сакал од длабочината на моето срце, топло да ве поздравам и да ви се заблагодарам најпрвин лично, а секако и од името на целото наше монашко братство и сестринство, што во оваа надразумна витлеемска ноќ, во толкаво множество притекнавте во големата ни Светиња, за заедно да го прославиме Роденденот на Беспочетниот, на Царот на вековите - нашиот Спасител Господ Исус Христос.

Богослужбениот типик на Црквата за денешниот црковен поредок пропишува празничната Вечерна богослужба да се изврши одделно од останатите последованија на дневниот богослужбен круг. Согласно тоа,

вечерашново наше молитвено бдение ќе го започнеме со Великото повечерие, ќе продолжиме со Утрената, завршувајќи, се разбира, со Божествената Литургија.

Меѓутоа, пред да започнеме, би сакал да се навратиме за миг на пред малку отслуженото Вечерно богослужение, поточно на еден дел од него. Вообичаено, кога се празнува некој поголем празник или спомен, литургискиот поредок на Вечерните предвидува читање на извадоци од Светото Писмо на Стариот Завет, т.н. паримии и пророштва. Едно од осумте преубави пророштва на денешната Вечерна ми остави особен впечаток. Напишано е од Светиот пророк Исаија, кој од Светите Отци е наречен Старозаветен Евангелист, поради многуте претскажани настани од животот на Синот Божји на Земјата. Имено, овој Божји човек, обдарен со силно просветление од Светиот Дух, многу живо и дејствително прозрел во тајните на Божјото делување за спасение на човекот, некаде околу осум века пред нивното збиднување. Би ве замолил да го слушнеме уште еднаш неговото пророштво, со цел да

биде појасно она што ќе го говориме потоа:

> И ќе потера фиданка од Јесеевата пењушка и стебло ќе израсне од нејзиниот корен; ќе почива врз Него Дух Господов, дух на премудрост и разум, дух на совет и крепост, дух на знаење и благочестивост; ќе се исполни со страв Господов, ќе суди, не според тоа како што очите Негови гледаат; и ќе ги решава делата, не според тоа како што ушите Негови слушаат. Он ќе им суди на сиромасите по правда и делата на страдалците во земјата ќе ги решава според вистината; со зборот од устата Своја ќе ја порази земјата, со дишењето на устата Своја ќе го убие нечесниот. Појас на половината Негова ќе биде правдата, а појас на бедрата Негови – вистината. Тогаш волк ќе живее со јагне, леопардот ќе лежи заедно со јаре; теле, лавче и вол ќе бидат заедно и мало дете ќе ги води. Крава ќе пасе со мечка, нивните млади ќе лежат заедно; лавот ќе јаде слама како волот. Новороденче ќе игра над змиина дупка, дете ќе протега рака кон змиино гнездо. Нема да прават зло и штета по целата Моја све-

> та гора, зашто земјата ќе биде полна со познавање на Господа, како што водите го полнат морето. Во оној ден кон Јесеевиот корен, кој ќе стане како знаме на народите, ќе се обрнат незнабошците, мирот негов ќе му биде слава (Иса. 11,1-10).

Навистина чудесни зборови! За овој краток старозаветен извадок би можело да се говори со денови, но сега ќе се задржиме само на некои негови моменти. Очигледно, во првиот дел на пророштвото се зборува токму за доаѓањето на Синот Божји на Земјата, Кој од љубов кон нас стана и Син Човечки, примајќи човечка плот од родот на царот и пророк Давид, синот Јесеев: *И ќе потера фиданка од Јесеевата пењушка, и стебло ќе израсне од нејзиниот корен.* Во продолжение Пророкот додава дека врз Него ќе *почива Дух Господов, дух на премудрост и разум, дух на совет и крепост, дух на знаење и благочестивост.* Овие пророчки зборови несомнено во целост се исполниле кога *Словото стана тело и се всели во нас, полно со благодат и вистина* (Јован 1,14).

Сепак, мене особено ме наведе на раз-

мислување вториот дел од пророштвото на Исаија, каде се вели дека *волк ќе живее со јагне, леопардот ќе лежи заедно со јаре; теле, лавче и вол ќе бидат заедно и мало дете ќе ги води.* Додека се читаше овој дел од текстот, се обидов да се ставам во положба на слушател што размислува со земска логика. И си реков: што ли ќе помислат луѓето за ова што го слушаат? Вистина ли е ова? Може ли вакво нешто да се види некаде во стварноста? И можно ли е воопшто, ова некогаш да се оствари?

Во духовна смисла и овој дел од пророштвото се овистинил. Зашто, сите оние што во текот на оваа двомилениумска историја на светоста и мирот се исполниле со Духот на Оној, за Кого Свети пророк Исаија предвестува дека ќе изникне од коренот Јесеев – Христос родениот во пештера, во неискажливо смирение – наеднаш постанале необично кротки и смирени, несфатливо за закономерноста на обезбожениот човечки разум. Навистина, сите коишто со искреност, смирение и вера го примениле во своите животи словото на Неговото Еван-

гелие, се преобратиле од волци во јагниња, од леопарди во јариња, водени од „малото Дете, предвечниот Бог“ - како што пееме за Богомладенецот во познатиот рождественски кондак. И лошите и сурови луѓе, преку Христа стануваат добри и кротки. Всушност, нашата гревовна и подивена природа после падот на Првосоздадените, се скротува единствено преку воплотеното Слово Божјо, Кое за да му го врати на човекот загубеното Божествено достоинство и Самото стана Човек.

Животот и взаемните човечки односи пред Христа и без Христа би можеле да се опишат и само со онаа позната латинска поговорка, која гласи: *Homo homini lupus est,* 'човек на човека волк е'. Мудрите Латини точно констатирале дека луѓето биле толку помрачени и озлобени, што едни кон други се однесувале како крвожедни волци. Меѓутоа, со слегувањето на Втората Ипостас од Божествената Троица на Земјата, таквата претстава за човекот радикално се изменила. Богочовекот Христос дојде да ја исцели подивената и израсипана човечка природа.

Зашто, после гревопадот на нашиот праотец Адам и прамајката Ева, во душата на човекот, во разумот негов, навлегла страшна болест, загосподарила распадливоста и смртта. Човекот станал роб на своите страсти. Затоа, во духовна смисла, дивите животни од пророштвото на Светиот пророк Исаија можеме да ги подразбереме и како страстите, коишто како ѕверови диваат во нашиот внатрешен човек. Сме го почувствувале сите тоа беснеење што се случува внатре во нас. Но, еве, вели: *Новороденче ќе игра над змиина дупка, дете ќе протега рака кон змиино гнездо и тоа нема да му наштети.* Тоа ја означува семоќната превласт на Богомладенецот над сите непријателски сили. Доколку човек се труди во словото на Евангелието, општејќи и соединувајќи се со Христа на Светата Евхаристија, тој ќе започне да ги победува овие животински страсти во себе. И полека, од волк ќе се претвори во јагне. Повеќе, пак, такви словесни јагниња образуваат заедница на мирот. Со Христос се раѓа нелажен, траен, вечен мир. Охристовените луѓе го промениле светот,

откако најнапред самите тие се промениле, совладувајќи го со Божјата благодат ѕверот на егоизмот. Оти, човек егоист не може никого да љуби – ни Бога, ни ближните, ниту, пак, се сака самиот себе на правилен начин. Следствено, таквиот нема мир со никого, ни со себеси. А ние, Христијаните, милуваме да кажеме дека овој празник е празник на мирот и на љубовта. Но, да се запрашаме, го празнува ли некој во вистинска полнота Рождеството Христово, доколку не се труди да го стекне тој внатрешен, духовен мир преку добродетелта на христијанското смирение? Радоста од ова светло празненство можеме да ја вкусиме само тогаш кога покажуваме истрајност во борбата со своите гревовни слабости и страсти, пред сè, со гордоста и егоизмот; кога се уподобуваме на нашиот кроток Спасител, Чијшто земен живот бил едно крајно смирение. Има една многу убава византиска претстава на Христос, каде е прикажан во изглед на необично скрушение, а зад Него се гледа и симболот на Неговата слава – Крстот. На грчки оваа претстава се нарекува *ἡ ἄκρα ταπείνωσις*

– крајно смирение. Он ни остави совршен пример за крајно смирение, не само со Неговата смрт на Крстот, туку и со Своето раѓање во бедната Витлеемска пештера, среде јаслите на бесловесните животни. Па така, патот до кротоста, до мирот, до духот на разумот, на просветлението, е пат на борба во смирение со сопствените страсти и себељубие.

Вечерва од нашиов хор ќе слушнеме чудесни песнопенија во кои се слави надумното Божјо снисходење кон човечкиот род. Преку нивната содржина, Светите Отци уште еднаш ќе нè повикаат на смирение, за да можеме да Го пречекаме Христос во нашите срца. Да може Он литургиски да се роди во нас, бидејќи тоа е навистина остварливо, доколку со смирение Го бараме. Тогаш и мирот Негов ќе се всели во нас. А знаете колку е насушен тој за сите – прво за нас самите, за домот наш, за татковината наша и за овој, од толкав немир разбрануван свет. Затоа, да бараме од најголемиот и единствен Миротворец, Оној Кој стана надеж и *знаме на народите* и Чија слава е *мирот Негов,* да

ни го испрати Својот небесен мир, кој *нема ῑраница*.

Убаво бдение на сите! Христос се роди!



## Нѐ посети Исток од висините

*Проповед на Рождество Христово,*
*2018-то лето Господово*

Возљубени поклоници на Витлеемскиот Богомладенец, „нѐ посети од Висините нашиот Спасител". Со овие зборови црковниот поет го започнува овој т.н. *Светилен* на празникот на Рождеството Христово. Навистина, навидум едноставни зборови, а истовремено, толку големи и тешко поимливи! Нѐ посети Оној Кој е Творец на сето создание, видливо и невидливо; нѐ посети Премудроста Божја, Умудрителот на сите умови и Осмислителот на сите твари; нѐ посети Мирот, Кој ги помири земните со небесните; нѐ посети Радоста, нетлената радост *која е за сите луѓе* (сп. Лука 2,10); нѐ посети Синот Божји, станувајќи она што сме ние, за и ние да станеме она што е Он.

*Нѐ посети Исток од Висините* (Лука 1,78).

Нѐ посети. Самиот Он нѐ посети, доброволно, личносно. Без наша заслуга или некаква подготвеност да Го примиме. Без и да бидеме свесни за Него, не познавајќи ја ни оддалеку Неговата несебична, крајно самопожртвувана, чиста, несфатлива љубов. *Бог ја докажа љубовта Своја кон нас,* пишува великиот учител на народите, Апостолот Павле, *со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни* (Рим. 5,8). Рождеството Христово е, во буквална смисла, недостижна тајна, совршен дар на Божјата милост. Предвечниот Совет на Света Троица не испрати при луѓето некој моќен Ангел избавител, за да ги ослободи од распадливоста, смртта и смртната тага, туку ни дојде лично Самиот Син, предвечното Словото на предвечниот Отец. *Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има живот вечен* – говори големиот тајновидец, Свети Јован Богослов (Јован 3,16). Љубовта беше причината за создавањето на светот и на човекот, истата таа љубов беше причина и за пресоздавањето

на човечката природа, којашто, поради непослушанието и егоизмот, беше се предала на смрт и тление.

Воплотувањето на Богочовекот Христос не значи само избавување на заблуденото човештво од гревот и смртта. Тоа е нешто многу повеќе. Во една од стихирите на Празникот слушаме: „Денес, кога се роди Христос, Небото и Земјата се соединија; денес Бог дојде на Земјата, а човекот се искачи на Небото". Избавувањето, значи, од *темнината* на незнаењето и *пределот на смртната сенка* на гревот (сп. Матеј 4,16 и Лука 1,79), беше само дел, еден преоден поход, во Божјиот љубовен домострој за човештвото. Всушност, главна цел на Бога е обожувањето на човечката природа. Бог Словото, примајќи плот од Пречистата Дева, стана истоприроден со нас, за ние луѓето да станеме причесници со Божественото.

Оваа голема и страшна тајна на човековото обожение се одвива преку светотаинскиот живот во Црквата, којашто, бидејќи Тело Христово, непроменливо ја чува обновувачката (обновителната) благодат на

Рождеството. Единствено во Црквата, во која *Исус Христос е ист вчера, и денес, и во вечни векови* (Евр. 13,8), „се избавуваат од распадливост нашите животи“ и „се обновува младоста“ на душите, остарени од игото на гревот (сп. Псал. 103,4-5). Тука, во просторот на Црквата, беспросторниот Бог е присутен во полнота. Неопфатливиот, Неограничениот, Надвремениот, примајќи човечко тело од Пресвета Богородица, за нас се покажа видлив, опиплив, ограничен со нашата природа, наш сопатник во времето. Истовремено, Он со Својата благодат и луѓето Свои ги прави неограничени, надвремени, вечни. Ги прави жители на Царството на вечната радост, слобода и убавина.

Оттука, крајно нецрковни и туѓи на духот на Христовото човекољубие се чинат постапките и изјавите на некои членови на црковниот клир, коишто тесноградо се обидуваат да го ограничат дејството на безграничната Божја љубов и благодат. Под плаштот на навидум оправдан, а во суштина лицемерен фанатизам, за наводно запазување на боговостановениот канонски по-

редок на Црквата, самите тие ја поткопуваат соборноста на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква. Не почитувајќи го првопрестолното, во православна смисла, началство на Великата Христова Црква во Константинопол, основано од Вселенските собори, оставаат лош пример на несмирение и непослушание и ја претвораат Црквата во инструмент за остварување на земски интереси. Притоа, самите понесени од соблазната на апсолутизмот, неосновано обвинуваат други за тоа.

Никој нема право на монопол и ексклузивитет на благата вест од доаѓањето на Спасителот на светот. Ангелот што ги пресретнал Витлеемските пастири во онаа таинствена ноќ, им рекол: *Не плашете се! Еве, ви навестувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе* (Лука 2,10). Значи, не само за определени народи, не само за некакви општествени елити, не само за едно поколение, туку *за сите луѓе,* од сите времиња. Никој не може да биде исклучен од љубовта Господова. Месијата, Исус Христос, се роди за сите. За секој поединечен човек, од Ада-

ма, па до последниот. Големи и мали, богати и ништи, од сите места и од сите поколенија, призвани се кон спасение.

Во светот во кој живееме, сериозно обременет од длабоката поларизираност на богати и сиромашни, моќни и слаби; обеспокојуван од духот на консумеризмот и глорифицирање на сластољубието, што неизбежно води кон „неподносилива леснотија на постоењето“, радосната вест од некогашното Витлеемско собитие изгледа како да ја изгубила својата сила. Како суштината на Боговоплотувањето да не наоѓа свое место во нашево современие, потонато во грижи и тага. Меѓутоа, тајната на Рождеството дејствува во сета своја полнота во отворените за Бог срца; во битието на изморениот од егоизам и обременетиот од грев човек, кој смирено се одѕвал на Спасителовиот повик за мир со себеси и со Бога и со благодарност го понел Неговиот благ јарем на трпение со надеж, и послушание со вера и лесното бреме на љубовта и радоста во духот (сп. Матеј 11,28-30).

За да ја почувствуваме и ние моќта на денешната сепразнична благодат и реал-

ното меѓу нас и во нас присуство на *Емануил, што значи: „Со нас е Бог“,* потребно е и ние, подобно на Пастирите и Мудреците, со смирение да ги преклониме нашите срца пред величието на безмерната Божја љубов и исто како и нив, на Божественото Дете да Му ги принесеме на дар, нашите злато, темјан и смирна: богатството на нашиот живот, мирисот на молитвата и благоуханието на љубовта и смирението.

Добро бдение на сите и честито Рождество Христово! Христос се роди!


ΜΡ·ΘΥ·
IC XC
IC·XC



## Радоста на Воскресението – преобразувачка сила

*Проповед на Воскресението Христово, 2015-то лето Господово*

Како да ви зборувам и како би можел да ви ја објаснам радоста што сега ми гори во срцето?! Тоа е радост неискажлива, вечна! Радост којашто ни го открива пред нас животот вечен и поради која сите земни радости добиваат смисла. И верувајте, да не суштествуваше оваа Воскресенска радост, тогаш ќе бевме препуштени само на земните радости, а сите тие минуваат како здив и завршуваат во небитие, не оставајќи зад себе ништо освен тага. Единствено Христовата радост трае вечно, бидејќи произлегува од Него – Животот вечен. Затоа пак ќе повторам: вечерва срцето ми е преполно со многу силни чувства, со голема радост, која извира од Воскресение-

то. Но, попусто би било да се обидувам да ви ја објаснам. Може ли нешто такво да се долови со зборови? Многу тешко. Тоа едноставно треба да се почувствува.

Затоа, оваа ноќ направете вака: отворете ги со љубов и вера вашите срца и почувствувајте ја силата на Христовото Воскресение, којашто го променила светот. Бидејќи нема друга сила, ништо друго не би можело да го направи тоа - да го преобрази светот. Само Воскресението Христово! Само Он, Најблагиот, Најдобриот, Кој е посветол од сонцето и поблескав од секаква светлина. Само Он го промени светот. Неговите верни следбеници, проповедајќи Го Него и Неговото учење, го променија светот. А знаете ли како? Отворајќи си ги срцата за Неговата спасоносна наука, за Неговата љубов Божествена.

И нам денес ни е дадена таа сила да го преобразуваме светот. Но, само доколку целосно и по своја слободна волја ги отвориме нашите срца, правејќи пат за Неговата љубов да влезе во нас. Во спротивно, Бог е немоќен да завладее со нашето срце. Затоа,

доброволно да ги отвориме срцата за Неговата љубов и да Го почувствуваме Неговото Воскресение, кое живот дава. Тогаш ќе бидеме новата твар која преобразува и осветува сè околу себе. Првите Христијани успеале да го направат тоа. Евангелската историја добро ни сведочи кои биле првите Христијани. Најпрвин светите Апостоли, а потоа и жените Мироносици, првите сведоци на Воскресението. Оти, Воскреснатиот Христос не им се јавил на првосвештениците и книжниците, ниту на Понтиј Пилат, ни на сите оние кои биле скептични и не верувале. Не, туку им се јавил и Го познале само оние што ги отвориле своите срца за Него и кои Го барале. Тие се удостоиле и да Го видат и да Го почувствуваат Оној, Кој заради човекот слегол на Земјата. Какво е тоа нешто! Каква голема тајна: Бог стана човек за ние да станеме богови по благодат! Што значи тоа? Дека Бог сака да нè спаси, Бог сака да нè обожи. Спасителот Христос им рекол на Апостолите: *Веќе не ве нарекувам слуги, зашто слугата не знае што работи господарот, туку ве нареков пријатели,*

*бидејќи ви кажав сѐ што сум чул од Мојот Отец* (Јован 15,15).

Мили мои, ние сме чеда, пријатели на Вистинскиот Бог. Тоа е голема привилегија и чест, но и голема одговорност. Наша должност како Христијани е не само да ја примаме радоста на Христовото Воскресение, туку и да Го сведочиме Него, имајќи ја за темел силната вера во Воскресението. Самиот Христос ни ја доверил таа света должност, кога после Своето Воскресение им се јавил на Апостолите и им рекол: *Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание* (Марко 16,15), односно: сведочете ја Благата вест насекаде. И што направиле Апостолите? Утврдени во Него, тие некогаш немоќни и прости рибари, како Апостоли Христови, благовесници на Воскресението, ја уловиле сета Вселена. А жените Мироносици? Станале посилни и од најсилните мажи во тоа време. И Благата вест проповедана од нив се раширила насекаде и го спасила и преобразила светот.

Затоа ви велам: нам, Христијаните, не ни прилега да бидеме малодушни, да губиме

надеж, велејќи: „Ќе си го празнувам Воскресението, само затоа што така останало обичај од порано. Пуштете ме во мир да си живеам, ќе останам затворен во своите ставови, во теснотијата на моето секојдневие, на мојот дом, а вие градете си го светот како што ви е угодно". Тоа никако! Ние сме должни да Го проповедаме Воскреснатиот Христос, Спасителот на светот и со тоа да го преобразуваме светот, а не да се тргаме настрана и да бидеме индиферентни кон сè што се случува околу нас. Всушност, во ова тешко современие светот има насуштна потреба од таква преобразувачка сила, бидејќи денес тој ужасно тоне во омраза, во раздори и војни; со човекот денес завладеала една страшна алчност. И зарем би можеле да кажеме дека светот ја чувствува оваа Воскресенска радост? Како да кажеме такво нешто, кога гледаме дека повеќето луѓе денес се во духовна криза? А тоа е затоа што се изместиле од здравиот темел на верата. Апостол Павле вели дека темелот на нашето спасение е Христос и Неговото Воскресение. Тоа е она што го преобрази и оживотвори светот, во што веруваа

и за кое пострадаа Апостолите, што до денешен ден веруваат и го сведочат маченициите. Меѓу нив се оние многубројните јунаци од времето на Отоманската Империја, коишто нашиот народ Му ги дал на Бога како најубав принос и кои со крв посведочиле за Вистината, па и денес сѐ уште сведочат со својата благодатна помош, кога молитвено им се обраќаме. Тука се, секако, и оние современи маченици на Истокот, коишто и сега ја пролеваат својата крв заради верата Христова. Не помалку духовно крвари и Западот, кој пропаѓа затоа што го презрел и се откажал од славното Воскресение, од верата во него како темел и единствена сила што може да го спаси и преобрази светот.

Гледате, ние овде вечерва не сме само дванаесет, или, пак, осумдесет и двајца, заедно со другите седумдесет, колку што биле на број сите Апостоли во тоа време, туку сме многукратно повеќе. И кога тие, иако малку на број, толку многу направиле, зарем ние сега да очајуваме? Колку и да сме мало стадо, можеме да бидеме таа преобразувачка сила во светот. Треба само да ги отвориме свои-

те срца за Воскреснатиот Христос, да ја почувствуваме радоста на Воскресението, која нѐ преродува за нов живот, која нѐ прави непоколебливи и силни во верата. Така ќе можеме да станеме нова твар и да спасуваме околу себе. Тоа е вистинскиот Христијанин. Вистински Христијанин е оној кој се заквасил со љубовта од Троичниот Бог. Зашто, Бог сака сите ние да бидеме едно, како што е Светата Троица Едно. Тоа ја прави Црквата една чудесна заедница; заедница над сите заедници! Заедница која поврзува со љубов.

Нека Воскреснатиот Бог биде со сите вас, сите да го почувствувате Воскресението и да бидете сведоци Негови, светлини Негови. Амин!

Христос Воскресе!

# Пасха свештена, Пасха што од тагата нѐ избавува

*Проповед на Воскресението Христово, 2016-то лето Господово*

Возљубени браќа, сестри и чеда, среде благодатта и светлината на серадосниот Пасхален период којшто започнува денес, со нашите ближни во Христа се поздравуваме и меѓусебно го разменуваме Воскресниот поздрав: „Христос Воскресе! Вистина Воскресе!“ Со овој поздрав ние, воедно, веруваме, исповедаме и сведочиме дека човекољубивиот наш Спасител, Господ Исус Христос, *беше предаден [на смрт] за нашите гревови и Воскреснат за наше оправдание* (Рим. 4,25).

Веруваме и сведочиме дека Воскреснатиот Господ е единствениот Спасител на луѓето, Кој самовласно ја победи смртта и стана *првороден меѓу мртвите* (Колос. 1,18)

и *ӣрвина за умрениӣе* (1. Кор. 15,20).

Веруваме и сведочиме дека Воскреснатиот Господ и денес доаѓа при нас со огромно милосрдие за нашата сопствена немоќ, темнина, тага, безнадежност, малодушност, бедност, смртност, распадливост и грешност да ја замени со Својата сила, радост, прошка, љубов, светлина, мир, нераспадливост, вечност, утеха, осветување.

Веруваме и исповедаме дека нашиот живот без Воскреснатиот Господ е навистина пекол и нашиот свет, без Неговото присуство, е една крајна бесмислица и една недогледна гробница. Разделени од Воскреснатиот Господ, постојано го чувствуваме горкиот вкус на смртта. Современата цивилизација го одрекува Воскресението и така, самата се осудува да биде цивилизација на смртта. Зашто човекот има силна внатрешна потреба да љуби и да биде љубен со несебична љубов. Има исконска потреба да ја надмине смртта и да го овековечи своето постоење. Има потреба да почувствува отпуштање на гревовите, кои, свесно или несвесно, му создаваат чувство на вина и стрес

и го трујат неговиот живот.

А одговорот и исполнувањето на сите овие потреби го дава само една Личност, Богочовекот Господ Исус Христос, Распнатиот и Воскреснатиот. Во Крстот на Спасителот гледаме, не просто, еден убав пример за љубов, туку ја гледаме целата полнота на љубовта, којашто се принесува без граници, без надоместок, за да го избави човечкиот род.

На основната потреба на човекот за Воскресение, Господ одговара со Своето Воскресение. Он со Својата смрт на Крстот ја победи нашата смрт и ни подари Воскресение и вечен живот. Со најкратката црковна химна за овој празник: „Христос воскресна од мртвите, со смртта смртта ја победи и на тие во гробовите живот им подари", се возвестува најголемиот настан во историјата и најголемата победа во светот. Кој учествува во љубовта на Распнатиот Христос, ќе учествува и во Неговата победа над смртта.

Колку и човекот да бива повлечен од животните грижи и поради гревот, маловерието и неверието да се отуѓува од Бога,

тој не може вистински да се пронајде себеси во распадливоста и суетата на материјалниот живот. Како Божјо создание тој жеднее за нешто големо и вечно, за нешто апсолутно. Спасителот Христос нѐ насочува кон вистинската цел на животот, која е соединување на човекот со Бога, обожување. Човекот може преку Христа да стане бог по благодат. Нема ништо повозвишено што би можеле да посакаме, нема поголема надеж за да се надеваме, ни поголема слава за да се прославиме.

Господ Исус Христос доаѓа во овој свет и на еден несфатлив, таинствен, прекрасен начин општи личносно со секој човек. Ненаметливо, Он со татковска грижа го бара изгубениот и расцепкан современ човек, во гробот на неговата збунетост, неверие, одрекување, световност, бездушност и формализам. Он ја има силата да ги преобразува и воскреснува умртвените духовни сили на човекот, водејќи го до лично воскресение и преродување. Тагува и жали кога го гледа Својот образ - човекот како еден празен гроб, во кого го нема искуството на личното

издигнување, осветување и обожување.

Нашиот живот денес треба од еден празен гроб да се преобрази во извор на нов живот и надеж, со смисла и вера во Воскреснатиот Христос. Тогаш, навистина, ќе ја живееме „Пасхата свештена, Пасхата нова, света, Пасхата таинствена, Пасхата сечесна, Пасха непорочна, Пасха велика, Пасха што ни ги отвора дверите на рајот,“ Пасха што од тагата нѐ избавува и е причина за радост преголема. Таа радост ни ја предвестува овој светлозарен ден на Христовото, но и на нашето лично Воскресение. *Во тоа и ние веруваме, па затоа и зборуваме* (2. Кор. 4,13) и со неизмерна радост возвестуваме:

Христос воскресна!
Навистина воскресна Господ!

# Христе мој Воскреснат, светлино моја, љубов и радост моја

*Пропoвед на Воскресението Христово, 2017-то лето Господово*

Додека врвевме, мили мои, на Крстниот ôд со Благодатниот оган околу Храмот, видов многу озарени лица што дејствително го живеат Воскресението, длабоко ја чувствуваат Воскресенската радост. И јас, самиот, многу се возрадував поради тоа и си помислив: навистина, Господ вечерва во полнота ни ја испраќа Својата Божествена радост. А, ние, како рожби на верата во Воскресението, ја впиваме таа Воскресенска радост и ја споделуваме Христовата љубов со сите наши ближни, па и со оние што ни се далечни по дух. Оти, токму тоа Христијанинот треба и да биде: незамолчлив благовесник на оваа славна радост на Спасителот, којашто ни се дава во полнота,

преку Неговиот Крст и Воскресение. А, на кој начин ни се дава? Преку излевањето на Божјата неизмерна милост и љубов кон нас, проштавањето на нашите гревови и исполнувањето со секаква правда и, накрај, највaжното - преку победата над непријателот на нашето спасение и разрешувањето на најголемиот проблем на човештвото - смртта. После Христа и смртта веќе не претставува проблем, за оној којшто верува во Него.

Оваа вечер, на Утрената богослужба што сега следи, како и на Светата Литургија потоа, сè ќе трепети со неискажливата Воскресенска радост од победата над смртта и повторното соединување на човекот со Бога. Затоа, да посакаме и ние да бидеме со Него, како што Он ни се дава Себеси. А, тоа најдобро ќе го направиме со нашата љубов кон Него, нашето покајание, со милоста што треба да си ја покажуваме едни кон други и особено со проштавањето на нашите ближни. Доколку на дело го исполнуваме сево ова, ќе можеме да се наречеме вистински Христијани и нашата радост во Христа ќе биде полна.

Човекот има насушна потреба од Бож-

јата милост, од милоста на Воскреснатиот Господ, Кој е единствената надеж и наслада за секоја душа. Се сеќавате на Евангелскиот настан, кога Господ по Воскресението им бил сопатник на двајцата Апостоли, Лука и Клеопа, коишто патувале од Ерусалим кон Емаус (Лука 24,13-34). Иако тие не Го препознале Христа, бидејќи Он им се јавил *во друг вид,* во вид на патник, сепак ја чувствувале огнената благодат што зрачела од Тој таинствен Странец. Во нивната збунетост и уплашеност, Он ги укорил за маловерието и ги упатил во пророштвата и Писмата од Стариот Завет: *Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава? Па, како почна од Мојсеја и од сите Пророци, им зборуваше што е кажано за Него во целото Писмо.* Сладоста на Неговите зборови толку ги освоила душите на Апостолите, што тие никако не сакале да се разделат од Него, иако сѐ уште не знаеле Кој е. И кога требало да се разделат, Го поканиле да преноќи со нив: *Остани со нас, оти денот превали и наскоро ќе се стемни!* Всушност, душите нивни проговориле, зашто ја чувствувале благодатта.

Да бидеме и ние како овие двајца блажени Апостоли и со душата да Му кажеме на Христа: „Господи, нашиот живот без Тебе, без Твојата животворна светлина, без Твојата милосрдна поткрепа, без Твојата најслатка љубов што ја излеа врз светот, е ноќ, темнина, мрак. Затоа, остани со нас! Не нѐ напуштај!“

Оти, што е светот без Христа, освен еден сеопфатен и најтемен мрак и нерешлив безизлез? Еве, насекаде слушаме гласови за терор, за војни; пред целиот свет, пред нашето современо општество се исправени две големи зла: првото, исламскиот фундаментализам и религиски радикализам; и второто, исто така не помало зло - агресивниот атеизам. И двете овие зла, свесно или несвесно, непосредно ја деградираат човечката личност со тоа што ја нарушуваат, или сосема не ја почитуваат нејзината од Бога вродена слобода и право на избор: едното, преку желбата по насилен пат да ја наметне својата шовинистичка идеологија, а другото, преку својата неразумна борба против Бога и верните, а во името на некаква си де-

мократија, занемарувајќи го притоа фактот, дека колку што е демократско право некој да не верува во Бога, исто толку демократски е и некој да верува во Него. Меѓутоа, во злобата логика и расудливост нема. Па, како што некогаш непомирливо спротивставените секти на фарисеите и садукеите, во својата злоба се здружиле за заедничка борба против Христа, така и денес овие две, навидум неспоиви движења, настапуваат во коалиција кога станува збор за војна против Христа и Христијанството.

Меѓутоа не смееме да очајуваме, мили мои, бидејќи Црквата Христова поминала многу општества во овој свет, општества кои биле сурови и преку страв и терор владееле над своите поданици. Такви биле, на пример: Римската Империја, Отоманското Царство, Советскиот Сојуз и многу други, кои, иако моќни за овој свет, не успеале да ја победат Црквата света. Доволно е само да се потсетиме дека борбата за Вистината започнала со Дванаесетте апостоли и нивните следбеници, кои биле безмилосно убивани цели три века. Тогаш во Римската

Империја секој што ќе убиел Христијанин, мислел дека на Бога Му принесува слава. А, ете, покрај сè, Христовата вера сепак однела сјајна победа! И тоа, замислете, без оружје, бидејќи вистинските Христови проповедници никогаш во своите раце не зеле меч, за со него да го проповедаат Христовото Евангелие. Напротив, испратени од својот Спасител како јагниња на колење и имајќи ја љубовта и мудроста Негова за единствено оружје, тие со мир го освојувале светот. Силата со која биле наоружани била токму таа, крстовоскресната.

Гледате колку Господ нè обдари со милост, со љубов; посака да нè постави оддесно на Отца, да нè направи заедничари со Него! Во Својата првосвештеничка молитва кон Бог Отецот, пред распнувањето, Христос се помолил: *Оӣче Свеӣи, заӣази ӣи во Твоеӣо име оние, шӣо си Ми ӣи дал, за да бидаӣ едно, како шӣо сме и Ние... Но не се молам само за нив, ӣуку и за оние, шӣо ӣо нивниӣе зборови ќе ӣоверуваат во Мене, за да бидаӣ сиӣе едно, како шӣо си Ти, Оӣче, во Мене, и Јас во Тебе; ӣа ӣака и ӣие да бидаӣ во Нас едно,*

*и да поверува светот дека Ти си Ме пратил* (Јован 17;11,20-21). За каква заедница и какво достоинство Бог го повикува човекот! И што сѐ не направил: прво несфатливото вочовечување и раѓањето во скромна пештера; па смиреното поднесување на навредите и хулењата и долготрпението во страдањата и Крстот; а најпосле и славното Воскресение - сето тоа Он го направил само за да ни го даде тој огромен дар на посиновение.

Е, сега, мили мои Христијани, да се запрашаме колкава е нашата одговорност, покрај сета таа љубов Божја? Неизмерна! Бидејќи ние сме тие кои можеме да го промениме светот. Господ Исус на Апостолите им рекол: *Да бевте од овој свет тогаш светот ќе го љубеше своето; но бидејќи не сте од светот туку Јас ве избрав од светот - затоа светот и ве мрази* (Јован 15,19). *Но, како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам* (Јован 20,21). Како да им рекол: „Ве праќам во светот, не за да станете исто со него, туку да го промените со љубовта Моја". Значи, за да можеме да промениме нешто, мораме најпрвин самите ние да се издигнеме над него. Повторно ќе

наведам зборови од Светото Евангелие; при прошталната беседа пред Распетието Христос им рекол на Своите ученици: *Станете да си одиме одовде!* (Јован 14,31). Тоа во духовна смисла значи дека Христијаните треба да го издигнат својот ум над сѐ што е од овој свет, над сѐ распадливо, гнилежно, минливо, за да можат да се соединат со Христа, а и меѓусебно, едни со други.

Оваа вечер, можеби и не треба многу да се зборува, бидејќи самата благодат на Воскресението е доволен проповедник. Но, срцето мое, сепак, чувствува потреба да ги каже овие работи. Колку ќе допрат тие до душите - не знам... Можеби и до мене самиот не допираат доволно. Но, најважно е да се покаеме искрено. Тогаш сигурно ќе допрат и ќе се доближиме до Бога. Кога можеше разбојникот на крстот во последниот час преку покајанието да стане жител на Рајот, можеме и ние, мили мои, доколку од длабочината на нашето битие повикаме кон седобриот и себлаг Спасител, единствената надеж на овој свет:

„Дојди, Христе, во моето срце! Ти се предавам, Христе мој Воскреснат, Светлино

моја, љубов и радост моја! Дојди, просветли ми го срцето и направи ме светлина!“

Вечерва сите во раката држиме запалени ламбади. Нивната симболика е дека секој Христијанин треба да биде одраз на Христовата светлина. Можеби некои ќе кажат: „Тоа е невозможно, бидејќи ние сме преполни со гревови, со страсти и слабости...“ Да, но Господ токму за тоа и се распна. Заради тоа и Човек стана, пред сѐ; за да ги понесе нашите слабости и да ги исцели гревовните рани, принесувајќи покајание за грешниците. Преку покајанието ние се очистуваме и се осветуваме. Повторно ќе го наведеме секогаш спомнуваниот Свети Јован Златоуст, кој вели: „Бог нема да нѐ суди за нашите гревови, туку за нашето непокајание“.

Гледајќи ве во толкав број, срцето ми игра од радост! И би сакал сега да упатам една порака до оние што имаат намера да си заминат после дванаесет часот на полноќ. Не правете го тоа, туку останете со нас во оваа најубава и најсветла ноќ во годината, ноќ во која со душите се возвишуваме до најголемите духовни височини. Ова што беше до-

сега е само почеток на чудесното Богослужение што следи. Навистина, несфатливо е да си заминеме на самиот почеток на Воскресенското славословие. Но, ние, за жал, сме познати како народ кој ја исповеда верата во Бога, а не знае каква е таа. Зачудува нашата неразборитост на вакви големи празници, како Велигден, и лошиот обичај после дванаесет часот и кршењето со јајце, многумина да заминат по кафетериите и кафеаните. Да знаете дека другите православни народи се подигруваат со нас поради тоа. Во една прилика, за Велигден некој странец дошол кај еден од нашите владици. Присуствувал и на Пасхалното богослужение во Соборниот храм. Откако сè се завршило, нашите го прашале: „Какви се твоите впечатоци? Убаво ли ти беше? Виде ли колку народ имаше, целата улица беше преполна со луѓе..." Тој им одговорил: „Имаше навистина многу народ, ама само на почетокот. Ми беше многу чудно и по малку смешно што најголем дел од нив си заминаа уште на почетокот на Службата, но многу повеќе ме запрепасти тоа што народот воопшто не об-

рнуваше внимание на она што владиката и свештениците го прават. Напротив сите беа групирани и си зборуваа нешто што, веројатно, немаше никаква врска со Богослужбата".

Ова што го кажав важи за малкумина одовде, бидејќи вие повеќето сте духовни чеда на нашиот Манастир и многу добро ве познавам и бескрајно ви се радувам... Меѓутоа, толку би сакал сите други да останат, за да ја почувствуваат неовоземната радост од оваа најсветла вечер.

Накрај, ве поздравувам со зборовите со кои Свети Серафим Саровски секогаш ги поздравувал луѓето што доаѓале кај него и надвор од Пасхалниот период:

*Радост моја,* радости мои многу,

*Христос Воскресна!*

# Воскресението Христово е реалност што се живее

*Проповед на Воскресението Христово, 2018-то лето Господово*

Мили мои, се собравме во ова сесвештено утро, за со Воскресенска радост да го прославиме „овој наречен и Свет Ден, прв од седмицата, Цар и Господар; Празник над празниците и Торжество над торжествата“ – како што пее денес сета православна екумена. Воскресението Христово е темел, суштина на нашата Богооткриена вера. Доколку се замислиме подобро, нашето суштествување би било незамисливо без Христовата победа над смртта. Лесно е да заклучиме дека човекот не може да се помири со егоизмот, со страстите, со гревот, најпосле и со смртта. Тие не го прават внатрешно спокоен и среќен, а напротив - го збунуваат, обеспокојуваат и пла-

шат. Затоа, човекот, од длабината на душата, бара некаква промена на состојбата во која се наоѓа, некаков премин од тоа бедно положение, во друго, поубаво, порадосно. Да се изразам со библиски речник: човекот бара Пасха.

Во Стариот Завет, празникот на чудесното преминување преку Црвеното Море се нарекувал *Pesach*, што во превод од старохебрејски значи 'премин'. Тој бил најголемиот празник за древниот Израил, празник во кој сите, со благодарност и жртвопринесување, си споменувале за Божјото избавување од Египетското ропство. Во духовна смисла, секој човек има есенцијална потреба за ослободување од тиранијата на злото во светот, а пред сè во себеси и стремеж за бегство од црната прегратка на смртта. Затоа и сите религии, философии, морални системи и идеологии целат кон тоа, да најдат подобар начин на живот, да го најдат правилниот пат, кој води до премин во некоја безбедна и задоволителна состојба. Сите тие, можеби, донекаде го успокоиле човекот, макар и симулативно и привидно.

Меѓутоа, во никој случај не нашле вистинско решение за најголемиот проблем којшто безмилосно го оковал човекот - смртта.

Единствениот Кој извршил премин од смрт кон живот е Христос. Тоа е несоборлив факт кој скоро две илјади години му светли на сето човештво, со зраците од избавителната Пасхална светлина на славно Воскреснатиот. *Исус Назареецот, Распнатиот,* Богочовекот, за Кого Ангелот кај празниот гроб извести: *Он воскресна, не е овде* (Марко 16,6). Он е вистинската наша Пасха, „Пасха свештена, Пасха нова света, Пасха таинствена... Пасха која дверите рајски ни ги отвора, Пасха која ги осветува сите верни". Он е вистинскиот премин на човекот од смрт кон живот; Он е нашиот Цар и Првосвештеник. И нема друг вожд кон Воскресението освен Христос, Кој доброволно, како Човек вкуси смрт и самовласно, како Бог воскресна. Во Стариот Завет, Мојсеј, предназначен од Бога да биде пророк и водач, со големо Божјо чудо ги превел Евреите преку Црвеното Море, за да ја избегнат смртта од фараонот. Него Господ го избрал

да му го јави најголемото пророштво за неговиот народ, пророштво коешто ги надминува сите други, па и тоа за Ветената земја: *Јас ќе им издигнам Пророк од браќата нивни, каков што си ти, ќе ги ставам зборовите Мои во устата Негова и Он ќе им каже сè, што Јас ќе Му заповедам* (5 Мојс. 18,18); На никој друг не би можеле да се однесуваат овие пророчки зборови, освен на Самото Слово Божјо, бидејќи доколку не се јавеше таков Водач, Кој би можел да ги преброди и гробот и смртта, тогаш попусто би било од какви-годе други водачи, пророци, судии и цареви. Сите други, вклучително и најголемиот - Мојсеј, ѝ подлегнале на смртта, како на крајна одредница. А Христос победоносно востанал, иако сето зло на овој свет надвиснало над Него, Го распнало и Го затворило в гроб. Он „легна како мртов лав, но како младо, силно лавче воскресна“. Не беше можно за силите на мракот да Го поразат Жизнотворецот и Жизнодавецот. Неговата сеспасителна Пасхална светлина повеќе од дваесет века ја грее со животворни зраци севкупната твар.

Некој, можеби, ќе се запраша што има заедничко овој свет, втонат во страшен мрак на страсти, на спротивставености, на омраза, на меѓусебни истребувања, со светлоносната радост на Воскресението? Како во него воопшто да не се наоѓа место за Богочовекот Христос. Впрочем, овој свет и Го распна Христа. Но токму со тоа доброволно Свое Распетие, Синот Божји го освои светот, задржувајќи го цврсто во љубовната прегратка од Крстот. Изговореното оттаму: *Отӣче, ӣростӣ им, отӣ не знаат̄ шт̄о ӣраваат̄!* (Лука 23,34) – беше Неговиот светлозарен пробив низ темнината на омразата. Он докажа дека донесе спасение за сите, се распна и за Своите распнувачи. Неговата љубов, како незапирлив вруток, се излева на сите: и на оние кои се трудат праведно да живеат, но и на тие што прекумерно грешат, блудствуваат, крадат, убиваат, што се оддале на современите пороци и зависности, па дури и на оние што се исполнети со омраза и завист.

Поракaта од Крстот и Воскресението е упатена кон сите. Меѓутоа, единствено верните, кои својот живот го засноваат на таин-

ствениот настан на Воскресението Господово, можат вистински и да го почувствуваат, да ја апсорбираат полнотата на радоста од него. Воскресенската радост нема магиски характер, не е нешто што ни се дава само за една ноќ. Пасхалното радование е реалност што се живее. Оние што преку подвигот на љубовта постанале пријатели Христови, можат да го живеат Воскресението секоја недела, но и на секоја Литургија, којашто во суштина е објава и мистично доживување на Пасхалното событие. Спротивно на синовите од овој век – коишто во борбата за своите цели, па дури и во битката против злото, распнуваат други луѓе – овие деца Божји се распнуваат себеси за своите ближни, ги приковуваат на крстот на подвигот својот егоизам и страсти. Ете, токму тие се олицетворение, присуство на Христовата Воскресенска светлина во светот. Тие се и противтежа на сета поднебесна злоба, којашто очајно се обидува да ја побие вистината на славно испразнетиот Гроб на Голгота.

Но, мили мои, Христос навистина Воскресна од Гробот и му подари неизмерна ра-

дост и светлина на овој свет. Наше останува да избереме дали ќе го прифатиме животот на Воскресението. Да не дозволиме да се уподобиме на помрачениот свет од Велики Петок, кога при Распетието на Господа, *настана мрак по целата Земја, од шестиот до деветтиот час* (Лука 23,44). Надвор од Христа, светот е таква темнина, бездна на очајот и на распадливоста. Затоа, да ги отвориме нашите срца и да се зарадуваме во „оваа спасителна и светлозарна ноќ, на светлоносниот ден на Воскресението предвозвесница“, да Го воспееме Христа Воскреснатиот, Кој нè повикува да бидеме Негови пријатели за да ни го дарува најскапоценото - живот вечен и неизмерна радост. И да не заборавaме дека таа радост не е од овој свет и следствено, не е минлива како световната, туку продолжува и во вечноста.

Ви благодарам многу што сте во олкав број денес, за радост на Христа - нашето „Вечно веселие“, за радост и на духовите на нашите отци, браќа и сестри коишто живееле и се упокоиле крстовоскресно; најпосле и за радост на ангелските чинови на Небе-

сата, коишто сега нѐ повикуваат, „со чисти срца“ да го славиме Сесветлото Христово Воскресение.

Христос воскресе!



# Старото помина, и ете, сè стана ново

*Проповед на Воскресението Христово, 2019-то лето Господово*

Мили мои, браќа и сестри, во оваа најсветла ноќ, во Евангелието од Пасхалната утрена богослужба, најнапред се среќаваме со Светите жени Мироносици, коишто *во првиот ден од седмицата, дојдоа на гробот [Исусов] многу рано, кога изгреваше сонцето* (Марко 16,2). Овие жени, водени од љубовта, тргнале кон гробот Исусов да исполнат една традиција, еден народен обичај што постоел кај Евреите - имено, со мириси и ароми да го помазат телото на нивниот покоен Учител. Иако знаеле дека на вратата од гробот бил положен голем камен, којшто по наредба на Понтиј Пилат бил запечатен и чуван од стража, овие жени, сепак, не се исплаши-

ле, туку ја ставиле над сè љубовта кон својот Добротвор и тргнале да го извршат она што обично се правело со покојниците во древниот Израил.

Какви ли мисли ги обземале овие жени додека чекореле кон гробот! Сигурно си помислувале дека Оној Кого Го љубеа, Кого Го слушаа и Го последуваа, нивниот Учител, сега лежи мртов во темниот гроб, Неговото време веќе заврши, а тие ќе треба да се вратат на својот претходен живот. Но, ете необична глетка! Пристигнувајќи до гробот, забележале дека големиот надгробен камен бил одвален. Зачудени, влегле во гробот, а *таму видоа еден млад човек, облечен во бели алишта, како седи од десната страна и се уплашија многу;* и тој им рекол: *Не плашете се! Вие Го барате Исус од Назарет, Распнатиот. Он воскресна, не е овде! Еве го местото каде што беше положен.* Понатаму, во Евангелието се вели дека овие *жени ги опфати страв и ужас, и никому ништо не рекоа, зашто се плашеа* (Марко 16,5-8). Размислете добро во себеси и ќе видите дека сите ние по природа сме слични на овие жени -

се плашиме од новите нешта што ни ги открива верата, се затвораме во себеси, не сакаме да ја прифатиме новоста што Бог ни ја предлага. Се исплашиле, значи, овие жени, а се исплашиле, исто така, и Апостолите.

Но, доколку внимаваме добро на Евангелското приповедание, ќе забележиме дека зборовите што Ангелот потоа им ги кажал на Мироносиците имаат многу длабока смисла и значение: *Но одеше, кажеше им на учениците Негови и на Петар дека Тој пред вас ќе отиде во Галилеја; таму ќе Го видите, како што ви беше рекол.* Всушност, Ангелот Господен со овие зборови сака да ги потсети учениците Христови за Неговото Божествено предзнаење, но и за сите Негови слова и чудеса, кога слепи прогледуваа, лепрозни се очистуваа, фатени проодуваа, мртви воскреснуваа... како и за сè друго што беше направил пред нивните очи. И ги повикал со благодарност и со вера да си спомнат за сето тоа и да поверуваат дека Он е Оној Кој има власт над животот, но и над смртта. Зашто Он за тоа и дојде во светот - да го преобрази човечкиот живот, да ме извади мене, тебе,

сите нас, од сопствената затвореност, од нашата бојазливост. Не сме ли сите ние исплашени од нешто во нашето секојдневие? Зарем не постојат кај секого од нас проблеми коишто постојано нѐ измачуваат? Честопати помислуваме дека тие проблеми се нерешливи и бидејќи обесхрабрени, лесно се предаваме на затвореноста во мисловниот гроб, т.е. на некаква лажна сигурност од овој свет, било да е тоа нешто материјално - имоти, богатство, пари, или, пак, некоја минлива чувствена пристрасност - семејство, пријатели, работа. Сето тоа, меѓутоа, не дава суштинско решение на есенцијалните прашања коишто секојдневно нѐ притискаат. Единствено Бог има решение за нив, Он е Тој Кој може да ни помогне.

Па така, мили мои, иако често се чувствуваме далеку од Него, да направиме, сепак, еден благословен ризик и целосно да Му се предадеме. Он од нас бара само да Му го отвориме своето срце и, верувајте, нема да нѐ изневери. Прв ќе ни пристапи, ќе влезе во нас и ќе нѐ преобрази во нова твар. Тоа е и целта на Неговото доаѓање и

на Неговото Воскресение: да го покаже началото на новото создание, на новиот свет што Он му го принесува на човештвото. *И така,* појаснува Апостолот Павле, *кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, сѐ стана ново* (2. Кор. 5,17). Самиот Бог, второто Лице на Божествената Тријада, дојде на Земјата за да го спаси човекот од смртта. Дојде за да му покаже дека Он е неговиот вистински пријател, неговиот брат. Затоа, ајде да излеземе од нашата затвореност, од лажните надежи на секојдневието и да Го прифатиме Христа како наш најдобар пријател, бидејќи се покажа дека Он навистина и тоа е. Тогаш нашиот живот ќе се промени, ќе се преобрази, ќе се обнови во новата твар на Воскресението. Да излеземе од нашата зачауреност, од затвореноста во безнадежните гробови на овој свет и да го прифатиме со вера необичниот настан што им се случил на жените Мироносици, настан којшто коренито го променил, не само нивниот живот, туку и текот на целата човечка историја. Воскресението на Господ и Бог и Спасителот наш Исус Христос

е непобитна стварност, собитие што го преобрази светот. Радоста што бликна од него предизвика пресврт во човечката историја. Сето она што денес се нарекува напредна, хумана цивилизација, се должи исклучиво на оние што поверувале и ја прифатиле таа радост, ги отвориле срцата за Христа и водени од љубовта кон Него, се жртвувале за доброто на другите. Следствено, да се биде Христијанин значи да се жртвуваш за ближниот свој, а човек може да се жртвува за ближниот, само доколку ја последува Христовата љубов. Он, Самиот, ја докажал Својата љубов со тоа што заради човекот се искачил на Крст и слегол во Адот, во време кога човештвото се наоѓало во најдолниот пад, укотвено во мрачните води на гревот. Дури и во последниот миг, на врвот на Своите страданија, Он не ги презрел оние што Го распнувале и хулеле. Ете, таков совршен пример на љубов ни оставил нам, Христијаните, нашиот Божествен Учител. Повикани сме кон совршенство, мили мои, да ги љубиме ближните како себеси, онака како што Христос ја возљубил Црквата Своја.

Од сето свое срце ви посакувам во оваа ноќ, во ова светлозарно Воскресенско утро, кое е предвкус на вечното Царство на Незаодната светлина, да ја почувствувате таа неискажлива Христова радост што го промени светот, го преобрази паднатиот човек и го претвори во нова твар, во чедо на Воскресението. Нека таа радост нè следи низ сиот овоземен живот, а не само во текот на ова Велигденско деноноќие. Вечерва, пред бдението, еден од браќата монаси ми пристапи и ми рече: „Отче, жал ми е за луѓето што не ја почувствувале Воскресенската радост“. Гледате ли, оној што ја почувствувал таа радост, копнее и сите други да ја почувствуваат, затоа што од опит знае дека пасхалната благодат спасува и преобразува и преку неа, сите други радости во нашиот живот добиваат смисла. Затоа, радувајте се во Христа Воскреснатиот и бидете чеда и благовесници на Воскресенската радост!

Христос воскресе!



Крај

На Воскреснатиот од мртвите
Спасител наш Исус Христос
слава, чест и власт во веки.
Амин.

*Автор*

Архимандрит Партениј Бигорски

*Составувач*

Братството на
Свештената Бигорска Обител
на Чесниот Претеча

*Лектура*

Милица Миркуловска

*Тираж*

1000

*Оваа книга се испечати со благочестивото дарение
на Весна Стефановска и Весна Андонова*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

081Партениј Бигорски, архимандрит(042)

ПАРТЕНИЈ Бигорски, архимандрит
Бог се јави во тело, воскресна во слава : зборник на десет проповеди за Рождеството и Воскресението на Спасителот Христа / од Архимандрит Партениј Бигорски. - Ростуше : Бигорски манастир "Св. Јован Крстител", 2019. - 96 стр. : илустр. ; 17 см

ISBN 978-608-4854-02-9

а) Партениј Бигорски, архимандрит (1970-) - Проповеди
COBISS.MK-ID 111562762

Бигорски манастир

1020 1000 години 2020